Национална агенција
за европски образовни програми
и мобилност

CREATIVITY CONFIDENCE PRACTICE
TRAVELING FRIENDSHIP ACTIVITY
MOBILTY SKILLS CULTURE QUALITY
EXPIRIENCE EXCHANGE PERSPECTIVE
INNOVATION

LEONARDO DA VINCI

# ЛЕОНАРДО ДА ВИНЧИ

Education and Culture DG
Lifelong Learning Programme

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

371.253.044.4(497.7)

ЛЕОНАРДО да Винчи. - Скопје: Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, 2009. - 20 стр. : илустр. ; 21 cm

ISBN 978-9989-2920-3-3

а) Континуирано образование - Македонија - Програми б) "Леонардо да Винчи", образовна програма - Македонија

COBISS.MK-ID 78943498

# ПРЕДГОВОР



Во оваа прилика ми претставува особена чест што можам да го истакнам своето огромно задоволство од доследното имплементирање на програмата „Доживотно Учење" (Lifelong Learning Programme) во Република Македонија, во текот на 2009 година.

Со отворањето на оваа Програма, македонските граѓани и институции, активни во полето на образование и обука, добија можност да иницираат проекти кои ќе ја зголемат соработката и размената на искуства со своите колеги од Европа.

Во рамките на секторската програма "Леонардо да Винчи", во текот на 2010 година ќе бидат отворени следниве акции: Подготвителни посети, Почетно стручно образование, Луѓе на пазар на труд, Професионалци во стручното образование и обука и Партнерства. Постои определен временски рок за пријавување на проектите кој треба да се почитува, а се објавува на европско ниво - Call fo proposals for the Lifelong Learning Programme.

Националната агенција за европски образовни програми и мобилност како надлежна институција за децентрализирано спроведување на програмата „Доживотно учење" во Република Македонија, го организира процесот на селекција на пријавените предлог-проекти, исплаќа средства и врши набљудување на спроведувањето и на известувањето по проектите.

Со партиципирањето во програмите на Европската унија за стручно образование се зацврстуваат европските аспирации и се поттикнуваат предизвиците за евроинтеграцискиот процес на Република Македонија.

Република Македонија денес се соочува со големи предизвици. Последниот предизвик е потребата од економија базирана на знаење, која ги прави процесите на образование поважни од било кога досега. Македонските граѓани мора да ги усовршуваат нивните знаења и вештини, но исто така и континуирано да се здобиваат со нови. Ова е потребно за сите ние да можеме да просперираме во една модерна Македонија, која е во чекор со светските трендови, но исто така и за лично исполнување.

Би напоменал дека инвестирањето во образованието е важна одлука, која носи големи добивки: Најпрво, економски добивки, бидејќи добро образована работна сила го зголемува потенцијалот на нашата земја за одличност и компетитивност, а исто така носи социјални придобивки, зошто создава услови за еднакви можности и социјално учество.

Ние во Националната агенција за европски образовни програми и мобилност ја поддржуваме идејата дека образованието треба да се смета за јавно добро. Тоа е и ќе остане јавна одговорност, и се надеваме дека токму со Вас ќе пристапиме кон реализирање на оваа зацртана Европска визија.

Навистина сме горди што во текот на 2009 година имавме одлични проекти од програмата „Доживотно учење",со што се овозможи оваа година за граѓаните на Република Македонија да се отворат нови акции од потпрограмите на програмата за Доживотно учење. Во име на Секторот за стручно образование и обука, одговорен за програмата "Леонардо да Винчи" во Република Македонија, Ви посакуваме успешни проекти од програмата "Леонардо да Винчи" во текот на 2010 година.

Со почит,
Бошко Нелкоски
Директор

# ВОВЕД

## ВО ПРОГРАМАТА „ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ“

## ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА “ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ”:

- Подобрување на квалитетот и ефективноста на европското образование и системите за обука;
- Мобилност и отвореност на образованието и обуката во Европа и пошироко;
- Достапност за сите граѓани.

## ПРОГРАМАТА “ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ” Е СОСТАВЕНА ОД:

- Четири секторски програми што се фокусирани на:
  - општо образование - КОМЕНИУС;
  - високо образование - ЕРАЗМУС;
  - стручно образование - ЛЕОНАРДО ДА ВИНЧИ;
  - образование на возрасни – ГРУНДВИГ.

- Програмата за трансфер е насочена кон меѓусекторските области (политика за соработка во програмата “Доживотно учење” (LLP-Lifelong Learning Programme), јазици, развој на иновации, распространување и искористување на резултатот.

## БУЏЕТ НА ПРОГРАМАТА “ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ”

6.970 милиони евра (за сите земји, за период од 7 години)

| КОМЕНИУС | ЕРАЗМУС | ЛЕОНАРДО ДА ВИНЧИ | ГРУНДВИГ |
|---|---|---|---|
| ≥ 13% | ≥ 40% | ≥ 25% | ≥ 4% |

## СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

Стручното образование и обука (ВЕТ) е било кое пост-формално образование кое што развива знаења, вештини и особини поврзани со одредени форми на вработување.
Во суштина, стручното образование и обука ги подобрува способностите за вработување и го помага учењето низ животот, обезбедувајќи вештини и знаење за работа.

## ШТО Е EUROPASS?

Europass е иницијатива на Европската Комисија за раста на транаспарентноста на квалификациите и мобилноста на граѓаните во Европа. Се состои од 5 документи:

1. Europass Кратка биографија (CB) - The Europass Curriculum Vitae (CV);
2. Europass јазичен пасош - The Europass Language Passport;
3. Europass мобилност - The Europass Mobility;
4. Europass додаток на сертификат - The Europass Certificate Supplement;
5. Europass додаток на дипломата - The Europass Diploma Supplement.

Линк до Europass: http://europass.cedefop.europa.eu/



## ЗОШТО ИМЕТО ЛЕОНАРДО ДА ВИНЧИ?

Уметноста на Леонардо да Винчи (1452-1519), неговата научност, познавања од математика, техника, литература и филозофско наследство се инспирација за многумина. Перфектно го рефлектира различниот спектар на способности кои се потребни во стручното образование и затоа е одбран да ја именува оваа европска програма.

## ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРОГРАМАТА “ЛЕОНАРДО ДА ВИНЧИ”

Програмата Леонардо да Винчи е основана во 1995 год. Има за цел постигнување ниво на знаење, вештини и квалификација на луѓето во стручното образование и обука - VET (Vocation Education and Training)[1] системот во Европа. Од 2000 год. почнува втората фаза од Програмата, при што им има помогнато на повеќе од 400 000 луѓе (индивидуи) за да ги реализираат нивните идеи за усовршување на професионалниот живот во друга европска држава.
Ова е добар почеток при вработувањето на учесниците на интернационално ниво, во се повеќе поврзаниот свет, каде што „мобилноста, флексибилноста, јазичните способности и интернационалното искуство“ можат да им помогнат на оние кои бараат вработување на пазарот на трудот. Леонардо да Винчи е интегрирана како втора секторска програма во програмата “Доживотно учење” (LLP-Lifelong Learning Programme) од 2007 год. и поддржува голем опсег на акции во сегашните 31држава-членка во Програмата.

## ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА “ЛЕОНАРДО ДА ВИНЧИ”

- Да ги поддржи учесниците во обука и во понатамошна обука и употреба на знаењето, а со тоа, способностите и квалификациите да го поддржат личниот развој;
- Подобрување на квалитетот и поддршка на иновација во стручното образование и обука, во институции и претпријатија;
- Да ја засили атрактивноста во стручното образование и обука, мобилност на вработените и индивидуалците и да ја поддржи мобилноста на практикантите (стажанти).

[1] VET- стручно образование и обука, понатаму во текстот ВЕТ.

## ОПЕРАТИВНИ (РАБОТНИ) ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА “ЛЕОНАРДО ДА ВИНЧИ”

- Да ја подобри и да ја зголеми мобилноста на луѓето низ Европа кои се вклучени во стручното образование и обука и во континуирана обука, да се зголеми бројот на стажирања во претпријатијата, за најмалку 80 000 стажанти во година, до крајот на програмата “Доживотно учење” (LLP-Lifelong Learning Programme) ;
- Да ја подобри и да ја зголеми соработката меѓу институциите и организациите, фирмите и социјалните партнери и другите релевантни тела низ Европа;
- Поддршка за развивање иновативни практики во полето на стручното образование и обука надвор од терцијално ниво, вклучувајќи трансфер од една држава во друга;
- Поддршка на транспарентноста и признавањето на квалификациите и знаењата, вклучувајќи ги и оние кои се здобиени преку неформално и информално учење;
- Да ги поттикне учесниците за учење модерни странски јазици;
- Да го поддржи развојот на иновативни компјутерски технологии, пристапи и примени на програмата “Доживотно учење” (LLP-Lifelong Learning Programme).

## ЗЕМЈИ-УЧЕСНИЦИ НА ПРОГРАМАТА



- 27 земји-членки на Европската унија ( од 2007 год. )
- 3 земји на (EFTA-EEA) (Исланд, Лихтештајн, Норвешка)
- Турција
- Македонија и Хрватска (земји кои се со кандидатски статус за членство во ЕУ)
- Швајцарија

Во Програмата, македонските учесници не можат да склучуваат билатерално партнерство со учесниците кои не се членки на Европската унија, како Исланд, Лихтенштајн, Норвешка и Турција. Додека за мултилатерални партнери, можат да се вклучат и овие земји доколку партнер на проектот е најмалку една држава-членка на Европската унија (на пр. Македонија, Норвешка и Белгија).

## КОЈ МОЖЕ ДА УЧЕСТВУВА ВО ОВАА ПРОГРАМА?

Секоја јавна и приватна организација која е вклучена во стручното образование и обука и која е легално регистрирана, може да аплицира за грант за Подготвителна посета во една од државите-учеснички.

Примерите на организации кои можат да аплицираат го вклучуваат следното:

- Институции или организации кои обезбедуваат можности за учење во оние полиња кои се покриени од програмата “Леонардо да Винчи”;
- Асоцијации и претставници вклучени во стручното образование и обука, вклучувајќи и асоцијации на обучувачи, родители и наставници;
- Компании, социјални партнери и други претставници на работниот живот, вклучувајќи стопански комори и други трговски организации;
- Тела кои обезбедуваат насочување, советување и информациски услуги во однос на кој било аспект од Доживотното учење;
- Тела одговорни за системи и политики кои се однесуваат на кој било аспект од Доживотното учење, стручното образование и обука на локално, регионално или национално ниво;
- Истражувачки центри и тела зафатени со прашањата за Доживотно учење;
- Високообразовни институции;
- Непрофитни организации, волонтерски тела, невладини организации.

# АКЦИИ

## НА СЕКТОРСКАТА ПРОГРАМА "ЛЕОНАРДО ДА ВИНЧИ"

Акциите се поделени на две групи:

3.1. ДЕЦЕНТРАЛИЗИРАНИ:
Овие акции се во надлежност на Националните агенции кои се во целост одговорни за нивното имплементирање. Како децентрализирани акции се следниве:

• Мобилност
  -ИВТ - Почетна стручна обука;
  -ПЛМ - Луѓе на пазарот на трудот;
  -ВЕТПРО - Професионалци во стручно образование и обука.

• Партнерства
• Трансфер на иновации

3.2. ЦЕНТРАЛИЗИРАНИ:
овие акции се во надлежност на Извршна агенција за образование, култура и аудиовизуелна политика (Education, Audiovisual and Culture Executive Agency) во Брисел и тие се:

• Мултилатерални проекти кои се наменети за подобрување на системите за обуки преку фокусирање на развојот на иновации и добро работење.

http://ec.europa.eu/education/programmes/llp/guide/general/action3_en.html

• Тематски мрежи на експерти и организации кои работат во специфични подрачја поврзани со образование и обука.

http://ec.europa.eu/education/programmes/llp/guide/general/action4_en.html

• Придружни мерки (Други иницијативи) за промовирање на целите на програмата "Леонардо да Винчи".

http://ec.europa.eu/education/programmes/llp/guide/general/action7_en.html

# ПОДГОТВИТЕЛНА ПОСЕТА

## ШТО Е ПОДГОТВИТЕЛНА ПОСЕТА?

Подготвителните посети им дозволуваат на потенцијалните партнери да се сретнат со цел:

• Дефинирање на предметот и целите за иден проект;
• Дефинирање улоги на партнерите, нивни задачи и одговорности во идниот проект;
• Развивање деловен план за иден проект, вклучувајќи методи за надзор, проценка и распределба;
• Комплетирање на апликацијата за проектот.

Има два вида Подготвителна посета:

• **Подготвителна посета** - Целта на Подготвителна Посета е партнерските организации да дискутираат и заеднички да развиваат скица на планираниот проект, како и отпочнување со изработка на нацрт за предлог проект. Бидејќи тие го структурираат начинот на поднесување на самиот проект, тие мора да се одржат пред нивен вистински формулар за предлог проект. Максималното времетраење на Подготвителна посета е 5 ноќи, без оглед дали се посетени една или две институции. Посетата треба да биде во земјата на една од земјите-членки на  Програмата за Доживотно учење.

• **Контакт-семинари** - се организирани од различни европски Национални агенции во текот на една година. Овие семинари, заедно ги доведуваат заинтересираните организации, од различни земји, кои учествуваат во програмата "Леонардо да Винчи". Работилниците ви даваат можност за дискусија на избраната тема, запознавање со колегите од Европа и развивање нови проектни идеи. Секој Контакт-семинар ќе биде фокусиран на специфична тема во врска со стручното образование и обука.

**Ќе можете да не контактирате за списокот на Контакт-семинари.**

Можете да аплицирате за Подготвителна посета, Леонардо Да Винчи, низ следнава постапка:

**• Мобилност**

Постапката за Мобилност има цел да ја подобри способноста на работната сила во Македонија преку низа проектни активности. Вие можете да пратите практикант (обучувач) или луѓе на пазарот на трудот во друга европска земја на работна позиција, со што ќе им се овозможи да добијат вистинско искуство и способности при вработувањето.

ВЕТ професионалците (VET- Vocational education and training), исто така, можат да земат учество во привремени сместувања со цел да учат од нивните колеги во други европски земји. Вработувањето ќе придонесе за нивниот личен развој и тие ќе бидат во можност да учат нови вештини и начини на работење, кои би ги имплементирале во нивната работа откако ќе се вратат во Македонија.
Проектите за Мобилност можат да бидат мали, средни или од големи размери.

**• Партнерство**

Проектите за Партнерство се нови во секторската програма "Леонардо да Винчи". Целта на овој проект е поттикнување на соработката, преку мали размени и размена на информации меѓу организациите низ Европа (од земјите-членки). Значи, Проектот ви дозволува да работите со партнерите, да споделите практични искуства, да дискутирате за проблемите и да споредувате решенија на специфични теми, поврзани со стручното образование и обука.

**• Трансфер на иновации (ТоИ)**

Проектите за трансфер на иновации се проекти со големи размени кои се фокусирани на прилагодување на иновативни материјали за обуки или методологии за потребите на учениците и бизнисите во земјите-членки.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА АКЦИЈАТА ПОДГОТВИТЕЛНА ПОСЕТА:

- минимално времетраење - 1 ден;
- максимално времетраење - 5 дена.



## ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

Грантот обезбедува придонес во трошоците на вашата активност, до максимум 1000 евра. Максималното траење на Подготвителната посета е 5 ноќи (се разбира, вклучувајќи го времето за патување).
Во текот на една година, ние ќе финансираме само една Подготвителна посета или еден Контакт-семинар по организација, односно по програма. Само еден учесник од организација може да биде финансиран. Во исклучителни околности, ние може да доделиме грантови да присуствуваат двајца колеги од организација, но вие мора да обезбедите навистина цврста причина. Еден пример од ова може да биде кога учесникот има специјални потреби и му е потребен колега или помошник да го придружува.

**Трошоци за патување:** тие се базирани на реални трошоци и грантот ќе покрие 100% од сите патни трошоци со најекономичната форма на користен транспорт. Вие нема да бидете во можност да барате повеќе од тоа што го имате прикажано во делот за патни трошоци во вашиот договор.
Ве молиме, чувајте ги сите сметки од трошоците како доказ: карти, бординг пас карти, поради тоа што ова ќе биде побарано од наша страна.

**Трошоци за живеење:** ги покриваат трошоците за сместување и дневните трошоци, вклучувајќи издатоци за локални/регионални патувања во текот на мобилниот период во странство. Овие трошоци можат да бидат зголемени во случај на неспособни, хендикепирани учесници (на пример, луѓе кои се хендикепирани или имаат специјални потреби кога патуваат и им е потребно да имаат помошник за да ги придружува во текот на посетата). Потребата за зголемен износ ќе биде одобрена врз основа на информациите обезбедени во формулар за предлог-проекти. Значи, вие мора да спомenete која било релевантна информација во фазата на аплицирање.
Патничкото осигурување е покриено во рамките на овие трошоци. Вие може да го барате ова како дополнителен трошок, но треба јасно да го побарате ова во секцијата за буџет во апликациската форма.

**Трошоци за Контакт-семинар** (вклучувајќи и трошоци за живеење): Повеќето Контакт-семинари имаат „all in" пакет на трошоци за учество и живот и доколку ова е случај, нема потреба да се пресметуваат дополнителни дневни трошоци. Ве молиме, забележете дека само во исклучителни околности, ние може да финансираме дополнителни дневни трошоци од севкупните трошоци на врвот на трошоците за Контакт- семинар (на пример, ако нема можност да се патува на денот пред или после семинарот).

## ПРОЦЕСОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ

Уплатата содржи два дела:

- Предфинансиска уплата од 80% од целосната сума (пред да почне подготвителната посета) и другиот дел од 20% откако ќе се одобри завршниот извештај (еден месец по враќањето), или како
- Една полна исплата (која следи после одобрениот завршен извештај).

Ако конечниот износ е поголем од износот кој Вашата институција го добила како предфинансирање (80%), остатокот ќе Ви биде исплатен во рок од 30 дена.
Ако конечниот износ е помал од износот кој Вашата институција го добила како предфинансирање (80%), Вашата институција мора да го почитува рокот од 30 дена да ги врати средствата во Националната агенција.

## КРАЕН РОК

За аплицирање на оваа акција, повикот е отворен во текот на целата година, но формуларот за предлог-проекти треба да се поднесе најмалку 6 недели пред активноста.

Крајниот датум за сите формулари за предлог-проекти за Подготвителни посети, за 2010 година е 17 Декември, 2010 год. (ова вклучува посети кои ќе се одржат во Јануари, 2011 год).



## ПОВЕЌЕ ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА ЗА ЛЕОНАРДО ПОДГОТВИТЕЛНИ ПОСЕТИ

Дали може да се аплицира индивидуално за грантовите на акцијата за Подготвителна посета или мора да си претставник на некоја институција/организација?
Како индивидуалец не може да се аплицира. Само како претставник од легално регистрирано претпријатие/институција која е вклучена во стручното образование и обука и можат да аплицираат за фондовите на Подготвителната посета.

Колку пати може да се аплицира за фондовите на акцијата Подготвителна посета за да се посети партнер институција или да се присуствува на Контакт семинар?
Вашата организација/ институција може да аплицира само еднаш годишно на Подготвителна посета. Со подготвителна посета може да се посетува некоја партнер институција или да се присуствува на Контакт семинар.

Дали може да се користи Подготвителна посета за да се посети некоја партнер институција и ако може, каде може да се оди?
Посетата треба да биде во државата на вашата партнер организација/ институција. Вие можете да посетите максимум две организации, кои можат да бидат лоцирани (сместени) во иста држава или во две различни држави членки на Програмата за доживотно учење.

Дали македонската Национална агенција може да им помогне да најдат транснационални партнери?
Да, вие може да аплицирате во Националната агенција за Подготвителна посета за да присуствувате на Контакт семинар која ќе ви помогне да најдете транснационален партнер.

Дали може да се дискутира за апликацијата за Подготвителна посета со македонската Национална агенција?
Секако, улогата на Националната агенција е да ви даде совети и прирачник (водич) за да ја пополните вашата апликација.

Кога ќе бидете известени за резултатите?
По прифаќањето на вашата апликација (во печатена форма), проектот ќе биде подложен на проверка за квалификуваниот процес на оценување на квалитетот. Ние ќе ве известиме за резултатите,приближно, за една недела подоцна. Како и да е, учесниците ќе бидат известени за резултатите од контакт семинарот по завршувањето на крајниот рок.

Дали ќе можете да аплицирате повторно ако вашата апликација е одбиена?
Да, ние целосно ќе ве поддржуваме за да аплицирате повторно и ние ќе ви дадеме можност, како и детален водич како да се усовршува вашата апликација.

Кога можете да очекувате да добиете средства?
Механизмите за уплатување се идентифицирани во договорот. Уплатувањето содржи два дела:

•Пред - финансиска уплата од 80 % од целосната сума (пред да почне подготвителната посета) и другиот дел од 20 % откако ќе се одобри завршниот извештај (еден месец по враќањето) или како
•една полна исплата (следи после одобрениот завршен извештај)

За што може да се употребува финансирањето?
Фондовите може да се употребуваат за покривање на трошоци на учесниците именувани во договорот, и тоа:

• **Патни трошоци:** Од местото на поаѓање, од Република Македонија, до вашата дестинација и назад. Учесниците треба да резервираат најекономичен вид на превоз. Ве молиме, чувајте ги копиите на патните билети и бординг пас.
• **Дневни трошоци:** Ова ги покрива генералните дневни трошоци, како: хотелот, храната и локалните дневни превози за време на посетата, откако сте пристигнале во партнер државата. Ве молиме, тврдете за актуелните денови кои се потрошени за време на посетата, односно треба да ги сочувате сите сметки додека престојувате.

Што друго треба да знаете во врска со финансирањето?
Патничкото осигурување е покриено од трошоците за храна. Ова треба да го побарате, односно напишете, во делот за буџетот во апликацијата.

Дали вашиот буџетски трошок ќе биде проверен?
Да, сите трошоци за време на престојот ќе бидат проверени од страна на надлежните во Националната агенција.

# ЛЕОНАРДО ПАРТНЕРСТВО

## ШТО Е ЛЕОНАРДО ПАРТНЕРСТВО?

Леонардо Партнерствата се кооперативни проекти од мал обем помеѓу оргаизации кои работат на поелто на стручното образование и обука, кои се фокусирани на теми од заеднички интерес. Активностите можат да бидат поделени и се состојат од:

- **локални активности** во нивна институција (нивна држава), и
- **мобилни активности** кога се посетува партнер институцијата во странство.

Партнерските проекти се идеални за организација кога се нови во Европската соработка и кои делуваат како прв чекор кон поголеми проекти како што се проектите Трансфер на Иновации.

ВАЖНО!!!
Институции од Република Македонија во Партнерствата можат да учествуваат само како ПАРТНЕРИ. Институции од Република Македонија неможат да бидат координатори на Партнерствата за учење во 2010 година.

## ШТО Е МОБИЛНОСТ?

Со прости зборови кажано: **Една личност вклучена во посета на партнер земја = 1 мобилност.**
Траењето на мобилноста зависи од самите институции и поширокиот круг на луѓе кои се вклучени во партнерствата, како на пример вработени, тренери, волонтери и административци можат да земат учество во активностите на мобилноста.
Ако е потребно и менаџерот на проектот може да учествува во мобилноста за да се обезбедат дека нема никакви бариери за учество.
Иста личност може да биде дел од различни мобилности преку проектот.
**На пример:** Менаџерот на проектот+2 ученици посетуваат институција во Португалија = 3 мобилности.

## ШТО Е РАБОТНА ПРОГРАМА?

Работната програма е опис на активностите што треба да бидат преземени за времетраењето на проектот. Треба јасно да бидат поставени работите и активностите и да се покаже како сите учесници да бидат активно вклучени во проектните активности.

## ТРАЕЊЕ НА ПРОЕКТОТ

Сите Леонардо Партнерства траат 2 години. За успешена апликација поднесен на 19 февруари 2010 година како краен рок, проектите официјално ќе почнат во август 2010 година.
Секоја организација во Партнерства мора да аплицира за грант до својата Национална Агенција и нивоата на дозволени финансиски средства во секоја земја варираат, значи нивоата на финансирање се различни во сите земји

## ФИНАНСИСКИ ПРАВИЛА

Грантот за Партнерства ќе биде даден на секој партнер како паушална сума кој е нов и едноставен метод на плаќање кој помалку ја оптоварува администрацијата и организацијата.
Секој успешен проект ќе добие сума на пари која ќе биде учество на сите валидни трошоци за двете: локални активности и мобилности (на пр. Пат трошоци, трошоци за живеење и трошоци за локални проектни активности). Сумата се поврзува со бројот на мобилности кои институцијата се согласува да ги преземе.
Не е потребно поднесување на детален буџет во процесот на аплицирањето, ниту во текот на животниот циклус на Партнерството. Ова значи дека институцијата самостојно одлучува како е најдобро да се потрошат средстствата со цел да се остварат целите на Партнерствата и да се реализираат мобилностите.

## НИВОА НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПАРТНЕРСТВА

| Вид на Партнерство | Две (2) години партнерство 2010 – 2012 | Вкупен буџет за 2 години Партнерства |
|---|---|---|
| Леонардо Партнерство ( мало) | Минимум 4 мобилности | 09 000 евра |
| Леонардо партнерство (средно) | Минимум 8 мобилности | 14 000 евра |
| Леонардо Партнерство (просечно) | Минимум 12 мобилности | 16 000 евра |
| Леонардо Партнерство (големо) | Минимум 24 мобилности | 19 000 евра |

Не постои обврска партнерите во рамките на истото Партнерство да побарат ист број на мобилности. Секој партнер треба да го дефинира своето барање врз основа на сопствена проценка според големината и капацитетот на својата институција.
Секоја организација во Партнерства мора да аплицира за грант до својата Национална Агенција и нивоата на дозволени финансиски средства во секоја земја варираат, значи нивоата на финансирање се различни во сите земји

## ВАЖНИ ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА:

•Да ги поддржи учесниците во обука и во понатамошна обука и употреба на знаењето, а со тоа, способностите и квалификациите да го поддржат личниот развој;
•Подобрување на квалитетот и поддршка на иновација во стручното образование и обука, во институции и претпријатија;
•Да ја засили атрактивноста во стручното образование и обука, мобилност на вработените и индивидуалците и да ја поддржи мобилноста на практикантите (стажанти).

## КАКОВ ЌЕ БИДЕ ВРЕМЕНСКИОТ ЦИКЛУС ЗА ПРОЕКТИТЕ ЗА ПАРТНЕРСТВА

**Фаза за аплицирање**

- 19 февруари 2010 - Поднесување на апликација
- Јули-август 2010 – Информирање на апликантот за резултатот на апликацијата
- Август – септември 2010 – Договор меѓу НА иинституциите кои добиле грант за Партнерства

**Проектен циклус**

- Август- Септември 2010 – Почеток на Партнерството
- Септември 2010 – Почеток на семинар
- Јуни 2011 – Поднесување на извештај за напредокот
- Јуни 2012 – Краен датум на проектот
- Септември 2012 – Поднесување на финален извештај



## ПРИМЕР ОД УСПЕШНА АПЛИКАЦИЈА ЗА ПАРТЕНРСТВА:

The One Assessment project is by Developing Initiatives Supporting Communities

Партнерството во почеток вклучила пет (5) држави, но само три (3)од нив добиле грант, и тоа: Бугарија, Велика Британија и Шведска. Но, двата држави партнери не биле финансирани на недостаток на буџет во нивните земји. Тоа значи само овие три држави го реализирале проектот.
Целта на овој проект било: да развијат заедничка алатка за проценка која може да се користи за сите стручни учесници кои се соочуваат со неповолна положба.
Првата фаза на проектот е да се овозможи постојан прогрес на ученици кои се соочуваат со многу недостатоци во обезбедување дека оценката ги опфаќа сите потреби.
Целта на алатката ќе им овозможи на партнерството за споредба на напредокот на учесниците и да ги идентификуваат интервенции кои се најуспешните во прогресија. Вкупната оценка на алатката вклучува вештини на организации на полето на менталното здравје, бездомништвото, навреда, употреба на дрога и за младите луѓе од слободен образование, вработување или обука.
Иако овој проект сега се вклучува помалку партнери, за партнерство се уште ќе привлече различни видови на културни, економски и социјални перспективи.

**Важен цел на Партерствата е:** Дисеминација и искористување на резултатите – Планираните активности за дисеминација и искористеност на резултатите се важни и треба добро да се дефинираат. Тие ги вклучуваат сите партнерски организации и ако е возможно и пошироката заедница.

**Леонардо да Винчи – успешни проекти:**
http://ec.europa.eu/dgs/education_culture/publ/pdf/leonardo/mobility_en.pdf

## ПОВЕЌЕ ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА ЗА ЛЕОНАРДО ПАРТНЕРСТВА

### Дали постои лимит на бројот на партнери од иста земја?
Партнерствата се проекти кои се фокусираат на размена на идеи и пракси со партнери од други европски земји. Од иста земја максимум 2 организации се валидни да учествуваат во едно партнерство. Треба да обезбедите објаснување во вашата апликација за додадената вредност на двајцата партнери.
Ако е успешна апликацијата секој партнер ќе добие сопствено финансирање. Други земји учеснички може да имаат слични критериуми па затоа вашите партнери треба да го проверат ова со нивните Национални Агенции.

### Дали апликацијата мора да биде поднесена до последниот рок?
За да бидат апликациите валидни мораат да бидат пратени на или пред последниот ден од рокот кој е поставен за апликации. Датумот кој ќе биде назначен на пликот ќе се провери.

### Дали кога ќе се прати апликацијата има можност да се промени?
Не. Затоа ве охрабруваме да разговарате за вашата проектна идеја со нас однапред.

### Која е разликата помеѓу Грундвиг партнерствата и Леонардо партнерствата?
Фокусот на Леонардо Програмата е стручното образование ,па затоа Леонардо Партнерствата треба да се фокусираат на одредена стручна свера и можат да опфатат теми како што се признавање на вештини и квалификации или развој на вештини за вработување.
Грундвиг Партнерствата се фокусираат на образованието на возрасни и се помалку насочени кон поголеми резулатати. Ако сте несигурни дали вашата идеја ќе се вклопи најдобро во Грундвиг или Леонардо ве молиме контактирајте не за совет.

### Кои се националните приоритетите за Леонардо Партнерства?
Оваа година нема национални приоритети за Леонардо Партнерства.

### Колку долго може или треба да трае Партнерството?
Траењето на Партнерствата е фиксно односно 24 месеци. Партнерските состаноци и развојот на материјалите мораат да се реализират за времетраењето на проектниот циклус.

### Како се поделени улогите и задачите помеѓу партенрите?
Одгововорност на Партнерството е да се одлучи, но треба идеално да се согледаат вештините на партнерските организации. Улогата на секој партнер треба детално да се објасни во дел 6 од апликацијата.

### Колку транснационални партнери се потребни за да се аплицира за Леонардо Партнерства?
Проектот за Партнерство мора да има минимум 3 партнери од 3 земји учеснички. Барем еден од учесниците мора да биде од земја членка на Европска Унија. Како и да е би било корисно да се вклучат повеќе од 3 партнери во проектот за партнерството сеуште да биде валидно ако иако некоја од организациите е одбиена во процесот за доделување грант или се откаже за времетраењето на проектот.

### Дали партнерската организација мора да поднесе апликација до нивната Национална Агенција?
Да. Апликацијата поднесена од секој партнер треба да биде идентична и да биде поднесена од партнерот координатор и мора да ги содржи оригиналните потписи од секој легален застапник.

### На кој јазик мора да биде поднесена апликацијата?
Предлогот може да биде поднесен на сите 23 официјални јазици на Европската унија. Како и да е ако не е на англиски треба да е предвиден англиски превод. Во европска унија има 23 официјални јазици.

### Дали треба да пратиме копија од апликацијата до Европската Комисија?
Не. Под Програмата Доживотно учење, менаџментот на Леонардо Партнерства се комплетно децентрализирани од Националните Агенции.

### Колку брзо се известуваат апликантите после рокот за поднесување на апликации?
Апликантите за резултатите од нивните апликации ќе бидат известени во Јуни 2010 година.

**Што ќе се случи ако партнерот се откаже или е прогласен за не валиден? Дали е возможно да се замени партнер?**
Одговорот зависи од големината на партнерството. Ако партнер организацијата се откаже или е невалидна за партнерството се уште вклучува доволен број на организации проектот може да оди напред. Како и да е помалку од 3 партнери значи дека Партнерството станува невалидно.

**Што се случува ако координаторот не е успешен?**
Ако координаторот е одбиен како невалиден или се откажал со причина, можноста за партнерството да успее не е изгубена. Во дел 3 од апликационата форма партнерите можат да назначат ако сакаат замена на координаторот.

**Кој ги презема проценките и доделувањето на грантот за Партнерствата на Леонардо?**
Само Националната Агенција ги прегледува апликациите на координаторните партнери. Како и да е Националните Агенции низ партнерските земји ќе бидат вклучени во проверката на валидноста и во процесот на доделувањето на грантот за партнерската организација.

**Како се распределени средствата?**
Сумата е паушална (Lump sum) распределена на база на бројот на мобилности преземени преку 24 месеци траење на Партнерствата. Секој партнер ќе прими грант за бараните мобилности.

**Дали стапките на грант варираат помеѓу различни земји учеснички?**
Грантовите варираат меѓу различни земји и можат да бидат најдени во анекс X од апликацијата.

**Кога да очекувам да примам средства?**
Финансирањето ќе биде извршено за секој партнер како паушална (lump sum) по потпишувањето од двете страни (корисникот и Националната Агенција). Очекуваме ова да биде меѓу август и септември.

**За што може да биде искористен грантот?**
Грантот е предвиден да ги покрие вашите трошоци вклучувајќи на пример локални активности,промотивни материјали настани, патни трошоци,трошоци за сместување и трошоците за проектот.

**Кои трошоци се бараат како доказ?**
Успешните апликанти ќе мораат да обезбедат доказ дека мобилностите се случиле за пример бординг пас, сертификати за учество но не мора да докажуваат детални трошоци и други настанати трошоци. Вие мора да покажете дека одредени проектни цели се постигнати и дека соодветниот број на мобилности се случил. Како и други финансирани Европски проекти документацијата се чува 5 години после крајот на проектот во случај на ревизија од страна на ЕК.

**Дали координаторот на проектот добива екстра средства?**
Координаторот на проектот не добива екстра средства.

# ЛЕОНАРДО ДА ВИНЧИ ПРОЕКТ ЗА МОБИЛНОСТ

## ШТО Е ЛЕОНАРДО ДА ВИНЧИ ПРОЕКТ ЗА МОБИЛНОСТ?

Проектите за Мобилност целта е да обезбедат развој на стручните вештини и охрабруваат размена на стручното мислење воспоставувајќи посебни таргет групи за преземање на работните стажирања или кратки студиски посети на земја домаќин во Европа.

Има 3 таргет групи во Програмата за Мобилност:

- Луѓе во почетна стручна обука
- Луѓе на пазарот на трудот
- Професионалци во стручното образование и обука

## УЧЕСНИЦИ

Учесниците во Проектите за Мобилност мораат да бидат со постојан престој т.е да живеат и работат во Македонија.
Постојат 3 главни таргет групи утврдени со одлуката на Советот.

## ТАРГЕТ ГРУПИ

Кога ја подготвувате вашата апликација за грант мора да идентификувате една од следните таргет групи:

| Таргет групи | Опис |
|---|---|
| **Почетна стручна обука (ИВТ)** | Апликациите треба да ги опфаќаат оние кои подлежат на стручното образование и обука и поделена е во 2 под групи:<br>А. Тие кои се вклучени во full-time или part-time во Почетна стручна обука, курс во училиште или колеџ итн. |
| | В. чираци – тие во шемата на стручната обука базирана на алтернативно учење во кое учењето/обуката се случуваат на работно место, исто како и во училиште/колеџ. |

| | |
|---|---|
| **Луѓе на пазарот на трудот (ПЛМ)** | Апликацијата треба да ги опфати оние кои се вработени, самовработени, оние кои работат на база на тренинг,оние кои имаат дипломирано на средно училиште или универзитет и оние кои моментално не се вработени. |
| **Професионалци во стручното образование и обука (ВЕТПРО)** | Апликациите да се однесуваат на оние кои се вработени на бизнис и тренинг полето и кои се одговорни за создавање и пренесување на обука, професионален развој или водење на кариера. |

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ПРОЕКТОТ И НА ПРЕСТОЈОТ

Важно е да направите разлика помеѓу проекти и престои:

**Проект:** Се однесува на Проектите за Мобилност и вклучува различен број на активности: Организација и менаџмент, подготовка, мониторинг, евалуација, дисеминација на резултати и самиот престој.

**Престој:** Се однесува само на периодот од времето кога учесникот поминува во друга Европска земја.

Кога ќе се финализираат деталите за вашиот проект мора да го земете во предвид најраниот дозволен датум за старт на активностите, за 2010 е **1 јуни 2010.**
Било какви трошоци поврзан со вашиот проект пред овој датум ќе бидат невалидни. Стажирањето може да се започне било кога после проектниот стартен датум (1 јуни 2010). Сите активности треба да се комплетират најкасно до 31 мај 2012.

| Рок за аплицирање | Најбрз датум за старт на проектот | Последен датум за завршување на проектот |
|---|---|---|
| 5 Февруари 2010 | 1 Јуни 2010 | 31 Мај 2012 |

Престој во други Европски земји мора да трае меѓу :

| Луѓе во почетна стручна обука (ИВТ) | Луѓе на пазарот на трудот (ПЛМ) | Професионалци во стручното образование и обука (ВЕТПРО) |
|---|---|---|
| 2 – 39 недели | 2 – 26 недели | 1 – 6 недели |

## РОКОВИ ЗА АПЛИКАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Апликационен рок:** 5 февруари 2010 | Оригинална потпишана апликација мора да биде испратена пред крајниот рок за да ги исполни критериумите за валидност. Мора исто така да се осигурате дека имате пополнето и поднесено електрнска апликација преку мултипас пред 5 попладне на крајниот рок за аплицирање. |
| Февруари - Мај 2010 | Проценка на сите апликации |
| Јуни 2010 | Се објавуваат успешните проекти и почнуваат активностите |



## ПОВЕЌЕ ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА ЗА ЛЕОНАРДО МОБИЛНОСТ

**Може ли да се поднесат повеќе од една апликација?**
Да. Ако сакате можете да поднесете апликации за повеќе од една таргет група, на пример за ВЕТПРО и ИВТ задолжително е поднесување на посебни апликации. Исто така, е возможно да се аплицира за различни проекти во истата целна група. Ве молиме забележете дека следните рокови поврзани со дадена година не е дозволено да се поднесуваат апликации за ист проект.

**Колку транснационални партнери се бараат за да се аплицира за грант за Леонардо?**
Проектите за Мобилност мора да вклучат барем еден (1)партнер организација од друга земја членка на ЕУ.

**Мора ли да се поднесе оригинално писмо за намера од партнерот за да се покаже нивната обврзаност и вклученост?**
Не. Во процесот за аплицирање можете да поднесете писма за намери копирани или пратени по факс, или по е маил. Но, ако вашата апликација е одобрена мора да поднесете оригинални писма за намера од транснационалните партнери во договорната фаза.

**Дали на апликацијата мора да има официјален печат за да биде валидна?**
Да. Исто така, апликацијата мора да бидат потпишано од овластено лице од организацијата која ја праќа апликацијата.

**Дали апликацијата мора да биде поднесена до последниот рок?**
За да бидат апликациите валидни мораат да бидат пратени на или пред последниот ден од рокот кој е поставен за апликации. Датумот кој ќе биде назначен на пликот ќе се провери.

**Дали морам да се пополни буџет кој е дел во апликацијата?**
Да. Критериум за валидност е делот од Буџетот да биде поднесен и да вклучува детали за трошоците поврзани со предложениот проект.

**Кои трошоци ги покрие грантот за Леонардо Мобилност?**
Леонардо грантот е достапен за трошоци за живеење, пат, подготовка на учесниците и трошоци за проектниот менаџмент. Забележете дека за 2010 година финансирањето за проектите најмногу ќе бидат базирани на паушално плаќање.

**Дали се предвидени минимум или максимум учесници по апликација за проект?**
НЕ. Нема минимум или максимум број на учесници за проектите за Мобилност. Како и да е важно е да се одреди бројот на учесници за кои вие аплицирате за да се олесни менаџирањето со проектот.

**Дали има старосна граница за учество во Леонардо Мобилност проектите?**
Не, нема старосна граница за учесниците во проект за Мобилност.

**Колку долго треба да трае еден проект?**
Траењето на еден проект не треба да го надмине времето од 24 месеци.
Ова може да го покрива времето за подготовка на учесниците и за прокетните активности, на пример, евалуација.
Мора да внимавате активностите да не почнат пред рокот и да не завршат после рокот кој е определен.

**Колку долго треба да трае стажирањето?**
Стажирањето зависи од таргет групата.

**Дали треба да пратиме копија од апликацијата до Европската Комисија?**
Не. Под Програмата Доживотно учење, менаџментот на Леонардо Мобилност се комплетно децентрализирани од Националните Агенции. Тоа значи дека Комисијата нема никаков дел во проценката, договорите, финансирањето за проектите за мобилност и т.н.

**Колку брзо се известуваат апликантите после рокот за поднесување на апликации?**
Апликантите за резултатите од нивните апликации ќе бидат известени во мај 2010 година.

**Дали е потребно партнерите да имаат договори меѓу себе?**
Да. Ако вашата апликација е успешна, мора да воспоставите пишани договори со организацијата која испраќа, учесникот и организацијата домаќин.

**Дали проектните апликации мораат да содржат иновација?**
Леонардо програмата е дизајнирана да поддржи постоечки обуки и пракси преку претставување на нешто ново. Ако вашата организација аплицира за прв пат, тоа само по себе претставува иновација.

**Како се распределуваат средствата?**
Средствата се распределуваат во зависност од бројот на ученици, таргет групите и времетраењето на праксата.
Исплатата се врши зависно од вкупниот буџет на проектот, и со исплата на почетни 80% од вкупната сума на грантот на почетокот на проектот.

**Каде да се најде апликација?**
Апликациите за Подготвителна посета, Мобилнсот и Партнерства ќе можете да ги најдете на веб страната на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност (www.na.org.mk).

**Како до соодветни партнери?**
Изборот на партнер/и за идни активности е Ваша одлука. Вообичаено, тоа се институции од други земји со кои до сега имате остварено соработка во реализацијата на активностите. Постојат и повеќе други можности за наоѓање партнери, во зависност од Вашиот интерес. Можеме да ја издвоиме интернет страната на Националната агенција на Велика Британија која ги спроведува секторските програми" Леонардо да Винчи" :
www.leonardo.org.uk/partnersearch.

# КОРИСНИ ЛИНКОВИ

Македонска Национална агенција за европски образовни програми и мобилност:
www.na.org.mk

Водич на програмата “Доживотно учење” ( LLP- Lifelong Learning Programme):
http://ec.europa.eu/education/programmes/llp/guide/index_en.html

Општи податоци за програмата “Леонардо да Винчи”:
http://eacea.ec.europa.eu/static/en/overview/Leonardo_overview.htm
http://eacea.ec.europa.eu/llp/general_information/leonardo_da_vinci_en.htm

“Леонардо да Винчи” - успешни стории ( приказни )
http://ec.europa.eu/dgs/education_culture/publ/pdf/leonardo/success-stories2007_en.pdf

CREATIVITY CONFIDENCE PRACTICE
TRAVELING FRIENDSHIP ACTIVITY
MOBILTY SKILLS CULTURE QUALITY
EXPIRIENCE EXCHANGE PERSPECTIVE
INNOVATION

Порта Буњаковец, А2-1
МК-1000 Скопје, Република Македонија
Т. +389 23 109 045 Ф. +389 23 109 043
www.na.org.mk

Education and Culture DG

This publication has been funded with support of the European Commission. This publication reflects the views only of the author, and the European Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.